Врз основа на член 9 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 155/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.6.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАКУПНИНА НА СТАН НА ЛИЦАТА НА КОИ ИМ СЛЕДУВА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА СТАН СОГЛАСНО СО ЗАКОН, ДОКОЛКУ ИСТИОТ НЕ МОЖЕ ДА ИМ БИДЕ ОБЕЗБЕДЕН

### Член 1

Со оваа одлука се определува висината на надоместокот за закупнина на стан на лицата на кои им следува право на користење на стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден.

### Член 2

Висината на надоместокот за закупнина на стан изнесува:

| | Лица на кои им следува право на користење на службен стан согласно закон | Висина на надоместокот за закупнина на стан |
|---|---|---|
| 1. | Министер | 400 евра |
| 2. | Заменик министер | 300 евра |
| 3. | Генерален секретар на Владата на Република Македонија | 300 евра |
| 4. | Заменик генерален секретар на Владата на Република Македонија | 300 евра |
| 5. | Државен секретар именуван согласно член 39-а од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/2011, 15/13 и 139/14) | 300 евра |
| 6. | Национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија | 300 евра |
| 7. | Национален координатор на Националниот координативен центар за гранично управување | 300 евра |
| 8. | Именувани лица од Владата на Република Македонија кои раководат со органите на државната управа | 250 евра |